eLearning module

# Е-трговија: OSS/IOSS шеми – Основи (Основи на OSS/IOSS)

Поенти на курсот

Ова е кратко и практично резиме за најважните информации од курсот.

# 1 Учебни цели

До крајот на овој курс, вие ќе научите:

- Главниот OSS процес во 3-те шеми: шемата за земји членки на Унијата, шемата за земји што не се членки на Унијата и шемата за дозволи за увоз (IOSS).
- Различните засегнати страни, интеракцијата на трговците со царинските и даночните управи во различни процеси на шеми.
- Главните функции на OSS и IOSS.
- Придобивките од користење на 3-те шеми.

# 2 Вовед во OSS/IOSS

Опсегот на веќе постојните шеми за земји членки на Унијата и земји што не се членки на Унијата беше проширен и стана Едношалтерски систем (OSS) на 1 јули 2021 година, од телекомуникации, емитување и електронски испорачани услуги до сите B2C услуги што се одвиваат во земјите членки во кои набавувачот нема постојано седиште, за продажба на далечина на стоки во рамки на Заедницата, како и за одредени домашни набавки на стоки овозможени со помош на електронски интерфејси.

Трите OSS шеми не се задолжителни за даночните обврзници, но им овозможуваат да пријавуваат и плаќаат ДДВ што се даночи во земјите членки каде (најчесто) овие обврзници немаат постојано седиште, преку веб-портал во земјата членка каде што се регистрирани (земја членка каде се врши идентификација).

### Едношалтерскиот систем - OSS (анг. One Stop Shop)

| | Регистриран даночен обврзник/набавувач од земја што не е членка на Унијата | Регистриран даночен обврзник/набавувач од земја членка на Унијата |
|---|---|---|
| Набавка на услуги до корисници (B2C) | Шема за земји што не се членки на Унијата (OSS) | Шема за земји членки на Унијата (OSS) |
| продажба на стоки на далечина | Шема за земји членки на Унијата (OSS) | Шема за земји членки на Унијата (OSS) |
| Домашни набавки на СТОКИ од лица за кои се смета дека се набавувачи | Шема за земји членки на Унијата (OSS) | Шема за земји членки на Унијата (OSS) |

# 3 Шема за земји членки на Унијата

## 3.1 Регистрација

3-те шеми опфаќаат разни набавки и се отворени за регистрација за разни даночни обврзници:

1) Секој даночен обврзник основан во ЕУ може да ја користи шемата за земји членки на Унијата и шемата за дозволи за увоз.
2) Секој даночен обврзник кој не е регистриран во ЕУ, а којшто врши продажба на стоки на далечина во рамки на Заедницата може да ги користи сите 3 шеми.
3) Секој даночен обврзник кој се смета дека е набавувач, а којшто врши продажба на стоки на далечина во рамки на Заедницата и/или домашна набавка на стоки може да ги користи сите 3 шеми.

## 3.2 ДДВ пријава

ДДВ пријавата содржи детали за набавките во секоја земја членка каде се врши потрошувачката:

1) Вкупниот износ за оданочување за секој производ испорачан до секоја земја членка каде има извршено продажба, освен онаму каде што има постојано седиште
2) Износ на ДДВ и стапка на ДДВ
3) Услугите набавени од земјата членка на идентификација или оние набавени од постојани седишта во друга земја членка се наведуваат посебно
4) Набавените стоки се наведуваат според земјата членка каде започнува испораката/превозот на стоките

Даночен обврзник кој ја користи шемата за земји членки на ЕУ, треба по електронски пат да поднесе ДДВ пријава во едношалтерскиот систем за секој даночен период. Даночниот период е календарско тромесечје за шемата за земји што не се членки на ЕУ и шемата за земји членки на ЕУ. ДДВ пријавата во едношалтерскиот систем треба да се поднесе до крајот на месецот кој следи по даночниот период што го опфаќа пријавата.

## 3.3 Плаќање на ДДВ

Плаќањето на ДДВ мора да вклучува референца на релевантната ДДВ пријава во едношалтерскиот систем и треба да се изврши при поднесување на ДДВ пријавата во едношалтерскиот систем. Меѓутоа, ако плаќањето не се изврши во моментот на поднесување на пријавата, тогаш треба да се изврши најдоцна до истекот на рокот за поднесување пријави.

## 3.4 Специфични процеси

**Дерегистрација**

За доброволно да се одјави од некоја шема (дерегистрација), даночниот обврзник е должен да ја извести земјата членка каде што се врши идентификација најмалку 15 дена пред крајот на календарското тромесечје што претходи на она во кое има намера да престане да ја користи шемата.

**Исклучување**

Земјата членка каде што се врши идентификација може да го исклучи даночниот обврзник една шема на одреден период, доколку тој упорно не ги почитува правилата. Обврзникот ќе биде исклучен и од сите други шеми и нема да смее да се регистрира за ниту една од нив пред да заврши периодот на карантин.

**Карантин**

Периодот на карантин е период за време на кој даночниот обврзник е исклучен од шемите од едношалтерскиот систем. Има период на карантин од 2 години кој следи по месецот кога даночниот обврзник бил исклучен.

# 4 Шема за земји што не се членки на Унијата

## 4.1 Регистрација

Секој даночен обврзник, кој не е основан во ЕУ, а којшто испорачува услуги во рамките на ЕУ до лице кое не е даночен обврзник, може да се регистрира во шемата за земји што не се членки на ЕУ.

За шемата за земји што не се членки на ЕУ, даночниот обврзник може да ја избере која било земја членка како земја членка каде што се врши идентификација. Таа земја членка ќе додели индивидуален ДДВ идентификациски број на даночниот обврзник. Овој ДДВ идентификациски број може да се користи само за да се пријават испораки кои спаѓаат под шемата за земји што не се членки на ЕУ.

## 4.2 ДДВ пријава

Даночен обврзник кој ја користи шемата за земји што не се членки на ЕУ, треба по електронски пат да поднесе ДДВ пријава секој тримесечен даночен период. Даночниот период е календарско тромесечје за шемата за земји што не се членки на ЕУ и шемата за земји членки на ЕУ. ДДВ пријавата во едношалтерскиот систем треба да се поднесе до крајот на месецот кој следи по даночниот период што го опфаќа пријавата.

Во ДДВ пријавата мора да е наведено:

1) Вкупен оданочлив износ за секој производ доставен до секоја земја членка
2) ДДВ износ
3) Стапка на ДДВ

## 4.3 Плаќање на ДДВ

Плаќањето на ДДВ се врши до земјата членка на идентификација која го распределува до секоја земја членка каде се врши потрошувачката.

## 4.4 Специфични процеси

**Дерегистрација**

Даночниот обврзник е должен да ја извести земјата членка каде што се врши идентификација најмалку 15 дена пред крајот на календарското тромесечје што претходи на она во кое има намера да престане да ја користи шемата. Компанијата ќе се избрише од шемата за земји што не се членки на ЕУ и може да се регистрира во шемата за земји членки на ЕУ за да пријавува B2C испорака на услуги.

**Исклучување**

Земјата членка каде што се врши идентификација може да го исклучи даночниот обврзник од шемата за земји што не се членки на Унијата, ако даночниот обврзник извести дека веќе не набавува стока и/или услуги кои спаѓаат под шемата, ако се претпостави дека неговите

активности под специјалната шема престанале или ако веќе не ги исполнува условите неопходни за користење на шемата или, пак, ако упорно не ги почитува правилата поврзани со шемата.

**Карантин**

Периодот на карантин се применува само ако даночниот обврзник упорно не ги почитува правилата кои се однесуваат на шемата за земји што не се членки на Унијата и ако постои период на карантин од 2 години по периодот на пријавување (тримесечен или месечен), за време на кој даночниот обврзник е исклучен.

# 5 Шема за дозволи за увоз

Едношалтерскиот систем за увоз (IOSS) го поедноставува пријавувањето и плаќањето ДДВ за продажба на стока на далечина, увезена од трети територии или трети земји од продавачи што се од ЕУ и што не се од ЕУ, до корисници во рамки на ЕУ.

IOSS системот им овозможува на набавувачите и електронските интерфејси што продаваат увезени стоки до потрошувачи во ЕУ да собираат, пријавуваат и плаќаат ДДВ кај даночните органи, наместо купувачот да го плаќа ДДВ-то во моментот на увозот на стоката во ЕУ, како што беше случајот претходно, до пред 1 јули 2021 година.

Ако продавачот не е регистриран во IOSS, тогаш купувачот мора да го плати ДДВ-то и, вообичаено, таксата за царинење што ја наплатува превозникот.

1) IOSS важи само за пратки со стоки во вредност до ≤ 150 евра.
2) На купувачот му се наплатува ДДВ при купувањето, а не кога стоката се увезува во ЕУ.
3) Увозната декларација го содржи валидниот IOSS број.

## 5.1 Регистрација

**Директна регистрација**

За шемата за дозволи за увоз, земја членка каде што се врши идентификација е онаа во која даночниот обврзник го има основано бизнисот.

Ако даночниот обврзник го нема основано бизнисот во ЕУ, тогаш земја членка на идентификација би била онаа каде што има постојано седиште.

Ако даночниот обврзник не е основан во ЕУ, туку во трета земја со која ЕУ има склучено Договор за заемна помош за поврат на ДДВ и врши продажба на далечина на увезени стоки од таа трета земја, тогаш тој слободно може да ја избере која било земја членка за земја членка на идентификација. Во овој случај, нема потреба да се назначи посредник за да може да се користи шемата за дозволи за увоз.

**Индиректна регистрација преку посредник**

Ако даночниот обврзник врши продажба на далечина на увезени стоки од трети земји, тогаш тој мора да назначи посредник со цел да може да ја користи шемата за дозволи за увоз.

Земјата членка каде што се врши идентификација му доделува на посредникот индивидуален ДДВ идентификациски број за IOSS системот.

## 5.2 ДДВ пријава

Во шемата за дозволи за увоз, даночниот обврзник пријавува продажба на далечина на стоки увезени од трети територии или трети земји што не надминува износ од 150 евра. Овој праг се однесува на една пратка. Потребно е даночниот обврзник или посредникот електронски да поднесат ДДВ-пријава за едношалтерскиот систем за увоз до земјата членка каде што се врши идентификација, најдоцна до крајот на месецот кој следува по крајот на даночниот период што го опфаќа пријавата. Во шемата за дозволи за увоз, даночниот период е еден календарски месец.

Даночниот обврзник ги обезбедува информациите за ДДВ пријавата на секоја земја членка наведена во неа, а во која завршува испраќањето или транспортот на стоката до корисникот.

## 5.3 Плаќање на ДДВ

Даночниот обврзник плаќа ДДВ на земјата членка каде што се врши идентификација. Го плаќа вкупниот износ што произлегува од ДДВ пријавата (што ги опфаќа сите земји членки каде се врши потрошувачката). Потоа, земјата-членка на идентификација ги дистрибуира соодветните износи до разните земји-членки каде што се врши потрошувачката.

## 5.4 Специфични процеси

**Дерегистрација**

За да се одјави од шемата за дозволи за увоз, даночниот обврзник или посредникот кој делува во негово име е должен да ја извести земјата членка каде што се врши идентификација најмалку 15 дена пред крајот на месецот што претходи на оној кога има намера да престане да ја користи шемата.

**Исклучување**

Ако некој даночен обврзник е исклучен од шемата за дозволи за увоз, тогаш ДДВ даночниот идентификациски број за IOSS ќе остане валиден во период до 2 месеци за да може да се увезуваат стоки кои биле набавени пред датумот на исклучување. Ова не важи во случај кога даночниот обврзник е исклучен поради тоа што упорно не ги почитувал правилата на шемата за дозволи за увоз. Во овој случај, ДДВ даночниот идентификациски број за IOSS престанува да важи од денот кој следи по оној ден кога одлуката за исклучување му е испратена на даночниот обврзник.

**Карантин**

Ако посредникот упорно не ги почитува правилата поврзани со шемата за дозволи за увоз, се наметнува период на карантин од 2 години кој следува по месецот во кој бил избришан од регистарот. Последователно, даночниот обврзник(ци) кој го застапува ќе бидат исто така исклучени поради неисполнување на условите за користење на шемата за дозволи за увоз. Меѓутоа, може повторно да се регистрира за шемата за дозволи за увоз, веднаш откако ќе ги исполни условите за тоа, може директно да го стори тоа ако е основан во ЕУ или, пак, преку назначување друг посредник.

Набавувачите кои се директно регистрирани за користење на IOSS (не преку посредник) ќе бидат исклучени од шемата чии правила упорно не ги почитуваат.




*Запомнете, ова се кратки заклучоци за најважните информации од курсот. Само законодавството на Европската унија објавено во хартиена верзија во Службен весник на Европската унија се смета автентично. Европската комисија не прифаќа никаква одговорност или барање за надомест на штета во поглед на оваа обука.*

Publications Office
of the European Union
ISBN
DOI:
KI

© European Union, 2021
Reuse of this document is allowed, provided appropriate credit is given and any changes are indicated (Creative Commons Attribution 4.0 International license). For any use or reproduction of elements that are not owned by the EU, permission may need to be sought directly from the respective right holders.
All images © European Union, unless otherwise stated – all rights reserved.